## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СМЕСТУВАЊЕ ВО УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ

**За прием во јавните ученички домови можат да конкурират ученици**:

- кои се запишани како редовни ученици во Математичко-информатичката гимназија;
- кои се државјани на Република Северна Македонија и
- кои се со место на живеење различно од местото во кое е Математичко-информатичката гимназија

## ПОСТАПКА ЗА ПРИЕМ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ЈАВНИТЕ УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ

Согласно Конкурсот за прием на ученици во ученички домовите за тековната учебна година 2021/22, ученикот поднесува:

1.Пријава ( која што може да ја земете од ученичкиот дом или од гимназијата)
2. Потврда дека е е редовен ученик во Математичко-информатичката гимназија
3 Изјава од родител-старател на ученикот дека во целост ќе ги подмири трошоците за евентуално направените штети од страна на ученикот
4. Доказ за државјанство на Република Северна Македонија
5. Потврда од матичен лекар за психофизичката состојба на ученикот,
6. Копии од свидетелства за учениците од прва година од VI do IX одделение, а за учениците од втора година свидетелства од прва година
7. Потврда за лични примања на родителите

Сите документи во хартиена форма треба да ги доставите во ученичкиот дом “Здравко Цветковски”-Скопје до 15 јули